| 32 | Пробиштип | | | | | | | 6 | 6 | | | 4 | | | | | | | 1 | | | 1 | | | **10** | **08** | **18** |
| 33 | К. Паланка | | | | | 4 | 4 | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | **04** | **08** | **12** |
| 34 | Злетово | | | | | | | | | | 4 | | | | | | | | | | 1 | | | 1 | **05** | **01** | **06** |
| **VII Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 35 | Штип | | | 5 | | | | | 6 | | | 4 | 4 | | | | 1 | | 1 | 1 | | | | | **10** | **12** | **22** |
| 36 | Радовиш | 4 | 4 | | | | | 6 | | 4 | 4 | | | 1 | 1 | 1 | | | | | | 1 | | 1 | **16** | **11** | **27** |
| 37 | Струмица | | | | 3 | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | | **01** | **03** | **04** |
| 38 | Лозово | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | | | | | **-** | **04** | **04** |
| 39 | Св. Николе | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | 1 | | | | | 1 | | **06** | **-** | **06** |
| **VIII Регион** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 40 | Кочани | 4 | 4 | 5 | | | | 6 | | 4 | | | 4 | | | 1 | | | 1 | 1 | | | 1 | | **22** | **09** | **31** |
| 41 | Пехчево | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 1 | **-** | **01** | **01** |
| 42 | Делчево | | | | | | 4 | | | | 4 | | | | | | | | | | | | | | **-** | **08** | **08** |
| 43 | М. Каменица | | | | 3 | 4 | | | | | | | | | | | 1 | 1 | | | 1 | 1 | | | **06** | **05** | **11** |
| 44 | Виниица | | | | | | | | | | | | 4 | | | | | | | | | | | | **04** | **-** | **04** |
| 45 | Берово | | | | | | | | 6 | | | | | 1 | 1 | | | | | | | | | | **01** | **07** | **08** |
| | **Вкупно** | **32** | **32** | **40** | **24** | **32** | **32** | **48** | **48** | **32** | **32** | **32** | **32** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **8** | **264** | **240** | **504** |

# ПЛАСМАН НА ЕКИПИТЕ
## НА XXIV СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ 2019

| Ред. бр. | Здружение | Освоени места | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. на Дисцип. | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | вкупно бодови |
| 01 | Тетово | 12 | 4 | 2 | 3 | 1 | 1 | 1 | – | – | 106 |
| 02 | Охрид и Дебрца | 16 | 1 | 3 | 1 | 3 | 4 | 2 | 2 | – | 91 |
| 03 | Прилеп | 11 | 1 | 2 | 2 | – | 2 | 3 | 1 | – | 71 |
| 04 | Кочани | 10 | 2 | – | 3 | 1 | 2 | 1 | – | 1 | 70 |
| 05 | Центар | 06 | 3 | – | – | 1 | 1 | – | – | 1 | 54 |
| 06 | Радовиш и Конче | 10 | 2 | – | – | – | 2 | 1 | 3 | 2 | 48 |
| 07 | Куманово | 09 | 1 | – | – | 2 | 3 | – | 2 | 1 | 44 |
| 08 | Штип | 07 | 2 | – | – | 1 | – | 2 | – | 2 | 43 |
| 09 | Макед. Каменица | 06 | 1 | 1 | 3 | – | – | 1 | – | – | 40 |
| 10 | Кавадарци | 08 | 1 | – | 2 | 1 | – | 1 | – | 2 | 39 |
| 11 | Битола | 05 | 1 | 1 | 1 | – | 2 | – | – | – | 38 |
| 12 | Гази Баба | 06 | 1 | 1 | – | 2 | – | – | – | – | 34 |
| 13 | Велес | 08 | – | 1 | – | 3 | – | – | 1 | 3 | 31 |
| 14 | Делчево | 03 | 1 | – | 1 | 1 | – | – | – | – | 28 |
| 15 | Струга | 03 | – | 2 | – | 1 | – | – | – | – | 26 |
| 16 | Тафталиџе | 04 | 1 | – | – | 1 | – | – | 2 | – | 26 |
| 17 | Пробиштип | 05 | – | 1 | 1 | – | – | 1 | 2 | – | 25 |
| 18 | Ресен | 04 | – | 1 | 1 | – | 2 | – | – | – | 24 |
| 19 | Киселав Вода | 05 | – | 1 | – | 1 | – | 1 | – | 2 | 23 |
| 20 | ОВР на РМ | 03 | – | 2 | – | – | – | – | 1 | – | 22 |
| 21 | Кичево | 04 | – | 1 | – | – | 1 | 1 | – | 1 | 20 |
| 22 | Дојран | 02 | 1 | – | – | – | 1 | – | – | – | 19 |
| 23 | Злетово | 03 | – | 1 | – | 1 | 1 | – | – | – | 17 |
| 24 | Кратово | 03 | – | 1 | 1 | – | – | – | – | 1 | 15 |
| 25 | Крушево | 02 | – | 1 | – | – | – | 1 | – | – | 13 |
| 26 | Свети Николе | 03 | – | – | – | 1 | 1 | – | – | 1 | 11 |
| 27 | Карпош | 02 | – | – | 1 | – | – | – | 1 | – | 10 |
| 28 | Крива Паланка | 03 | – | – | – | – | – | 1 | 2 | – | 10 |
| 29 | Ѓорче Петров | 02 | – | – | 1 | – | – | 1 | – | – | 09 |
| 30 | Солд. Аеродром | 01 | – | 1 | – | – | – | – | – | – | 08 |
| 31 | Демир Капија | 01 | – | – | 1 | – | – | – | – | – | 08 |
| 32 | Гевгелија | 02 | – | – | – | – | – | 1 | 1 | – | 07 |
| 33 | Струмица | 02 | – | – | – | – | 1 | – | 1 | – | 07 |
| 34 | Берово | 02 | – | – | – | – | – | 2 | – | – | 07 |
| 35 | Неготино | 01 | – | – | – | 1 | – | – | – | – | 06 |
| 36 | Воени пензионери | 01 | – | – | 1 | – | – | – | – | – | 06 |
| 37 | Богдации | 01 | – | – | – | – | 1 | – | – | – | 05 |
| 38 | Илинден | 01 | – | – | – | – | 1 | – | – | – | 05 |
| 39 | Виница | 01 | – | – | – | – | – | 1 | – | – | 04 |
| 40 | Бутел | 02 | – | – | – | – | – | – | 1 | 1 | 04 |
| 41 | Чаир | 01 | – | – | – | – | – | – | 1 | – | 02 |
| 42 | Демир Хисар | 01 | – | – | – | – | – | – | 1 | – | 02 |
| 43 | Лозово | 01 | – | – | – | – | – | – | – | 1 | 02 |
| 44 | Пехчево | 01 | – | – | – | – | – | – | – | – | 00 |
| 45 | Шуто Оризари | 01 | – | – | – | – | – | – | – | – | 00 |
| 46 | Лабуништа | 01 | – | – | – | – | – | – | – | – | 00 |

# ПРЕГЛЕД НА ОСВОЕНИТЕ МЕСТА И БОДОВИ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2019 ГОДИНА

| Освоено место | Здружение | Број на дисциплини | Освоени бодови |
|---|---|---|---|
| 1. | Тетово | 12 | 106 |
| 2. | Охрид и Дебрца | 16 | 91 |
| 3. | Прилеп | 11 | 71 |
| 4. | Кочани | 10 | 70 |
| 5. | Центар | 06 | 54 |
| 6. | Радовиш и Конче | 10 | 48 |
| 7. | Куманово | 09 | 44 |
| 8. | Штип | 07 | 43 |
| 9. | Македонска Каменица | 06 | 40 |
| 10. | Кавадарци | 08 | 39 |
| 11. | Битола | 05 | 38 |
| 12. | Гази Баба | 06 | 34 |
| 13. | Велес | 08 | 31 |
| 14. | Делчево | 03 | 28 |
| 15. | Струга | 03 | 26 |
| 16. | Тафталиџе | 04 | 26 |
| 17. | Пробиштип | 05 | 25 |
| 18. | Ресен | 04 | 24 |
| 19. | Кисела Вода | 05 | 23 |
| 20. | ОВР на РМ | 03 | 22 |
| 21. | Кичево | 04 | 20 |
| 22. | Дојран | 02 | 19 |
| 23. | Злетово | 03 | 17 |
| 24. | Кратово | 03 | 15 |
| 25. | Крушево | 02 | 13 |
| 26. | Свети Николе | 03 | 11 |
| 27. | Карпош | 02 | 10 |
| 28. | Крива Паланка | 03 | 10 |
| 29. | Ѓорче Петров | 02 | 09 |
| 30. | Солидарност Аеродром | 01 | 08 |
| 31. | Демир Капија | 01 | 08 |
| 32. | Гевгелија | 02 | 07 |
| 33. | Струмица | 02 | 07 |
| 34. | Берово | 02 | 07 |
| 35. | Неготино | 01 | 06 |
| 36 | Воени пензионери | 01 | 06 |
| 37 | Богданци | 01 | 05 |
| 38 | Илинден | 01 | 05 |
| 39 | Виница | 01 | 04 |
| 40 | Бутел | 02 | 04 |
| 41 | Чаир | 01 | 02 |
| 42 | Демир Хисар | 01 | 02 |
| 43 | Лозово | 01 | 02 |
| 44 | Пехчево | 01 | 00 |
| 45 | Шуто Оризари | 01 | 00 |
| 46 | Лабуништа | 01 | 00 |

# ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИОТ БРОЈ УЧЕСНИЦИ ВО 2019 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| 1. Центар | 21 |
| 2. Гази Баба | 30 |
| 3. Чаир | 05 |
| 4. Солидарност – Аеродром | 02 |
| 5. Кисела Вода | 21 |
| 6. Илинден | 08 |
| 7. Воени пензионери | 04 |
| 8. Бутел | 07 |
| 9. Шуто Оризари | 05 |
| 10. Тетово | 45 |
| 11. ОВР на РМ | 16 |
| 12. Тафталиџе | 20 |
| 13. Карпош | 09 |
| 14. Ѓорче Петров | 07 |
| 15. Прилеп | 51 |
| 16. Битола | 30 |
| 17. Крушево | 11 |
| 18. Ресен | 10 |
| 19. Демир Хисар | 03 |
| 20. Охрид и Дебрца | 46 |
| 21. Кичево | 21 |
| 22. Струга | 20 |
| 23. Лабуништа | 01 |
| 24. Велес | 24 |
| 25. Кавадарци | 25 |
| 26. Неготино | 10 |
| 27. Дојран | 08 |
| 28. Гевгелија | 11 |
| 29. Демир Капија | 07 |
| 30. Богданци | 04 |
| 31. Куманово | 33 |
| 32. Пробиштип | 23 |
| 33. Кратово | 05 |
| 34. Крива Паланка | 17 |
| 35. Злетово | 08 |
| 36. Радовиш и Конче | 65 |
| 37. Штип | 30 |
| 38. Свети Николе | 11 |
| 39. Лозово | 08 |
| 40. Струмица | 07 |
| 41. Кочани | 41 |
| 42. Македонска Каменица | 18 |
| 43. Делчево | 11 |
| 44. Берово | 11 |
| 45. Виница | 10 |
| 46. Пехчево | 04 |
| 47. Гостивар | 03 |
| 48. Сарај | 02 |
| 49. Дебар и Центар Жупа | 02 |
| 50. Македонски Брод | 02 |
| 51. Вевчани | 02 |
| 52. Ново Село | 02 |
| 53. Валандово | 02 |
| 54. СЗПМ | 47 |
| **ВКУПНО** | **846** |

# ВКУПЕН БРОЈ НА НЕПОСРЕДНИ УЧЕСНИЦИ СПОРЕД ПОЛОТ

| Вкупно учествувале | 504 |
|---|---|
| Мажи | 264 |
| Жени | 240 |



# ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАТПРЕВАРИТЕ ВО 2019 ГОДИНА

1. **Станка Трајкова**, претседател на СЗПМ
2. **Илија Адамоски**, претседател на Собранието на СЗПМ
3. **Ментор Ќоку**, потпретседател на ИО на СЗПМ
4. **Менка Темелковска**, секретар на ИО на СЗПМ
5. **Здравко Петковски**, претседател на Комисијата за спорт на СЗПМ
6. **Мите Стефанов**, претседател на ЗП Радовиш и Конче




# КОМИСИЈА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ПРИ СЗПМ

**Здравко Петковски**, претседател

**Љубица Кузмановска**
**Гале Бабаровски**
**Стефан Шурбаноски**
**Димче Митрев**
**Тодор Илиев**
**Кочо Бајари**
**Харалампие Ампов**
**Стојка Шалева**

# СУДИИ ПО ДИСЦИПЛИНИ

## Срелаштво

1. **Кочо Баљаров** – кординатор – член на комисија
2. **Никола Кижевски** – судија – ЗП Кичево
3. **Владо Милошески** – судија – ЗП Охрид и Дебрца
4. **Гога Ангелевски** – судија – ЗП ОВР на РМ
5. **Здравко Салтиров** – судија – ЗП Кочани
6. **Љубинко Ристов** – судија – ЗП Ѓорче Петров

## Шах

1. **Харалампие Ампов** – координатор – ЗП Виница

**а) судии за мажи**

1. **Тодор Миленковски** – судија – ЗП Крива Паланка
2. **Имер Хасани** – судија – ЗП Тетово
3. **Александар Мандиќ** – судија – ЗП Куманово
4. **Славе Зафировски** – судија – ЗП Солдарн. – Аеродром
5. **Санде Алчиков** – судија – ЗП Гевгелија

**б) судии за жени**

1. **Димитар Илиевски** – судија – ЗП ОВР на РМ
2. **Ангеле Кироски** – судија – ЗП Прилеп
3. **Иван Павлов** – судија – ЗП Кочани

## Пикадо

1. **Стефан Шурбановски** – кординатор – ЗП Кичево

**а) судии за мажи**

1. **Владо Вељановски** – судија – ЗП Кичево
2. **Јован Марковски** – судија – ЗП Пехчево
3. **Марија Маневска** – судија – ЗП Лозово
4. **Трајко Трајанов** – судија – ЗП Центар

**б) судии за жени**

1. **Душан Климовски** – судија – ЗП ОВР на РМ
2. **Киро Гоцевски** – судија – ЗП Кисела Вода
3. **Пандора Димовска** – судија – ЗП Крушево
4. **Звонко Стефановски** – судија – ЗП Тетово

## Тегнење јаже

1. **Тодор Илиев** – координатор – ЗП Чаир

**а) судии за мажи**

1. **Петруш Спасовски** – судија – ЗП Гази Баба
2. **Тодор Михајлов** – судија – ЗП Виница
3. **Бошко Блажевски** – судија – ЗП Тетово
4. **Благоја Ристески** – судија – ЗП Прилеп

**б) судии за жени**

1. **Петруш Соколов** – судија – ЗП Кочани
2. **Стојан Ангелов** – судија – ЗП Радовиш и Конче
3. **Димитар Папаров** – судија – ЗП Штип
4. **Трајко Тасев** – судија – ЗП Кавадарци
5. **Благоја Ристески** – судија – ЗП Прилеп

## Атлетика - Трчање, Фрлање ѓуле, Скок од место

1. **Љбица Кузмановска** – координатор – ЗП Куманово
2. **Илчо Ристевски** – судија – ЗП Ресен
3. **Ристо Трајковски** – судија – ЗП Охрид и Дебрца
4. **Вангел Христов** – судија – ЗП Битола
5. **Симеон Доклевски** – судија – ЗП Карпош
6. **Славчо Узунов** – судија – ЗП Богданци
7. **Илија Трајанов** – судија – ЗП Радовиш и Конче

## Фудбал

1. **Димче Митрев** – кординатор – ЗП Велес
2. **Драги Серафимов** – судија – ЗП Пробиштип
3. **Петре Петров** – судија – ЗП Гази Баба
4. **Крсте Спасевски** – судија – ЗП Охрид и Дебрца
5. **Диме Димов** – судија – ЗП Неготино
6. **Славко Везенковски** – судија – ЗП Берово

## Кошарка

1. **Гале Бобаровски** – координатор – ЗП Гостивар
2. **Драган Горгиевски** – судија – ЗП Крива Паланка
3. **Стефан Владимиров** – судија – ЗП Охрид и Дебрца
4. **Мирче Дафчев** – судија – ЗП Велес
5. **Тодор Ангелов** – судија – ЗП Чаир
6. **Петар Гупалевски** – судија – ЗП Битола

## Табла

1. **Иван Цветановски** – координатор – ЗП Гази Баба
2. **Стефчо Китановски** – судија – ЗП Куманово
3. **Ванчо Филаков** – судија – ЗП Делчево
4. **Ѓорѓи Диманов** – судија – Радовиш и Конче
5. **Панче Николов** – судија – ЗП Гази Баба
6. **Митре Митревски** – судија – ЗП Тетово
7. **Гино Огненов** – судија – ЗП Битола

## Домино

1. **Стојка Шалева** – координатор – ЗП Штип
2. **Јовица Ванчевски** – судија – ЗП Куманово
3. **Стоилко Краинин** – судија – ЗП Ѓорче Петров
4. **Љубица Настовска** – судија – ЗП Струга
5. **Трифун Донев** – судија – ЗП Карпош
6. **Елена Трајкова** – судија – ЗП Крушево

## КОМИСИЈА ЗА ПОПЛАКИ И ЖАЛБИ

1. **Здравко Петковски** – претседател
2. **Љубица Кузмановска** – член
3. **Харалампие Ампов** – член

## ПРВ РЕГИОН

# Најдобри натпреварувачите од ЗП Гази Баба и ЗП Центар



На 21.05.2019 година се одржаа 24–те Регионални спортски игри на пензионери од првиот регион во Спортскиот рекреативен центар на АРМ во Градскиот парк во Скопје. За реализирање на оваа спортска манифестација, организатор и домаќин беше Здружението на воените пензионери кое се покажа како добар домаќин и организатор.

На овие спортски пензионерски натпреварувања свое учество земаа пензинерите од Скопскиот регион: Кисела Вода, Бутел, Гази Баба, Илинден, Шуто Оризари, Солидарност – Аеродром, Центар, Чаир и ЗВП. Пред отворањето, поканетите гости беа пречекани од домаќинот – претседателот на ЗВП Ѓорѓи Зарински, секретарот на ЗВП Ефтим Мишовски и претседателот на Комисијата за спорт и рекреација Добре Ефремовски. Претседателот **Ѓорѓи Заринскi** ги поздрави присутните гости и учесници – натпреварувачи посакувајќи им добредојде на сите, а посебен поздрав беше упатен кон потпретседателот на ИО на СЗПМ Ментор Ќоку, претседателот на СЗП на град Скопје Методија Новковски, преставникот од Министерството за одбрана полковник Ванчо Шонтевски, претседателот на Комисијата на СЗПМ за спорт и рекреација Здравко Петковски и присутните претседатели на здруженијата – натпреварувачи. Спортските игри ги отвори потпретседателот на ИО на СЗПМ **Ментор Ќоку** кој ги поздрави присутните натпреварувачи, и на учесниците им посака фер натпреварување, одлични резултати, добра забава и дружење.



Натпреварувањето течеше во добра атмосфера и расположение. Игрите завршија според планираното време, а најдобри беа натпревараувачите од ЗП Гази Баба и ЗП Центар. ЗВП постигна забележителни резултати во спортските дисциплини во кои се натпреваруваше.

## ВТОР РЕГИОН

# На крај сите се чувствуваа како победници



На 9. јуни 2019 година во Гостивар се одржаа 24. Регионални спортски натпревари од вториот регион на кој зедоа учество пензионери спортисти од: ЗП Гостивар, ЗП Тетово, ЗП Сарај, ЗП Ѓорче Петров, ЗП Карпош, ЗП Тафталиџе и ЗП ОВР. Успешен домаќин и организатор на натпреварите беше Здружението на пензионери од Гостивар. Расположените пензионери прв ги поздрави и им посака добредојде претседателот на ЗП Гостивар **Нијази Џељиљи**. Во своето обраќање тој на присутните им посака убаво да се чувствуваат, а на натпреварувачите да постигнат добри резултати. На присутните пензионери им се обрати потпретседателот на ИО на СЗПМ **Ментор Ќоку**, кој нагласи дека овој спортски настан е значаен за пензионерите и рече:

– Спортот и физичката активност се многу важни за нас луѓето од третата доба. Таа ни го подобрува здравјето и духот и ни го продолжува животот. При тоа не е битно кој ќе победи, туку битно е да се дружиме и да се радуваме на содржините на нашите пензионерски денови. Ги прогласувам 24–те Регионални спортски натпревари од вториот регион за отворени и нека победат најподготвените. – рече Ќоку. Како и во другите региони пензионерите спортисти се натпреваруваа во 11 дисциплини во машка и женска категорија, а најдобри резултати постигнаа тетовчани, што и не е изненадување бидејќи тие биле 6 пати победници на Спортските олимпијади, и се пласираа да учествуваат на Републичката спортска олимпијада на есен. По натпреварите дружењето продолжи со песна и оро и сите се чувствуваа како победници.



## ТРЕТИ РЕГИОН

# Севкупен победник ЗП Прилеп



На 24–те пензионерски спортски игри од третиот регион на Републикава според распоредот оваа година се одржаа во Крушево. На натпреварите прв присутните ги поздрави претседателот на ЗП Крушево друженieто на пензионерите **Никола Атанасоски** со познатото Крушевско добредојде, и желби за добар престој, здравје и фер натпреварување. Во своето обраќање Атанасоски ја истакна добрата соработка со СЗПМ, а посебно ја истакна соработката со здруженијата учесници на овие спортски натпревари: Прилеп, Битола, Ресен и Демир Хисар. Истовремено ја истакна соработката со локалната самоуправа и помошта и разбирањето од страна на градоначалникот на Општина Крушево **Томче Христоски**. Во своето обраќање градоначалникот на Општината Крушево Томче Христоски ја истакна добрата соработка со здружението, посакувајќи им на присутните добар престој во Крушево и добро здравје на сите присутни. Претседателот на Собранието на СЗПМ **Илија Адамоски** во своето обраќање го истакна значењето на спортските натпревари кои позитивно влијаат на здравјето на пензионерите, ангажирањето на СЗПМ за подобрувањето на животниот стандард на пензиоерите, добрата соработка со владата на Републиката, посебно со МТСП.



На овие Регионални спортски натпревари учествуваа сите здруженија од овој Регион со 191 натпреварувач во 11 спортски дисциплини, 27 судии и други пензионери учесници или вкупно на овие натпревари учествуваа вкупно 281 учесник, што се најмасовни. Дел од натпреварите се одиграа во прекрасните простории на хотелот „Монтана ИН“ а дел на спортскиот центар „Гумење“. Севкупен победник на овие 24–ти спортски пензионерски натпревари е ЗП Прилеп, на кое му беше врачен победничкиот пехар. Игрите завршија во најдобар ред, со голема забава и дружење, со песна и игра, распеано и разиграно.

## ЧЕТВРТИ РЕГИОН

# Пензионерите од ЗП Охрид и Дебрца традиционално најдобри во четвртиот регион



На 23 јуни 2019 година, се одржаа 24. регионални спортски натпревари од 8 регион, а домаќин беше ЗП Струга, здружение кое има спортска традиција за организирање на вакви настани. На овие спортски натпреварувања учествуваа пензионери од четвртиот регион. На натпреварите учествуваа пензионери – спортисти од следните здруженија: ЗП Струга како домаќин со 70 натпреварувачи, ЗП Охрид и Дебрца со 70 натпреварувачи, ЗП Дебар и Центар Жупа со 23, ЗП Кичево со 48, ЗП Македонски Брод со 22, ЗП Вевчани со 14 и ЗП Лабуништа со 9 натпреварувачи.

Пред отварањето, поканетите гости и учесници беа пречекани од страна на домаќинот – претседателот на ЗП Струга, Милорад Трпоски, кој воедно изврши смотра на сите спортисти, кои се натпреваруваа во 11 дисциплини. Во своето обраќање претседателот Трпоски, истакна:

– На овие регионални спортски натпревари учествуваат сите здруженија од регионот со 257 натпреварувачи, 17 судии и други пензионери учесници или вкупно 300 учесници и се едни од најмасовните. На сите ви посакувам убав престој во Струга, а на натпреварувачите добри резултати.

Поздравни зборови до учесниците упати и Марика Попоска, член на Советот на Општина Охрид, која истакна дека и причинува чест и задоволство во името на општина Охрид да ги поздрави и да им посака успех на овогодишните 24. регионални пензионерски спортски натпревари.

24. регионални спортски натпревари ги прогласи за отворени претседателот на Собранието на СЗПМ м–р Илија Адамоски, кој најпрво ја поздрави претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, која будно ги следеше натпреварите, претседателот на комисијата за спорт на СЗПМ Здравко Петковски, претседателите на здруженијата на пензионери од 4. регион и сите присутни. Во своето излагање Адамоски истакана:




– Ми причинува посебна чест и задоволство што денес сум дел од овој спортски настан на нашите пензионери, кои уште еднаш сакаат да покажат не само во натпреварувањето, туку дека и општеството треба сериозно да смета на нас, бидејќи ние со нашите активности, искуство и мудрост сè уште сме во состојба да придонесуваме како сериозен општествен фактор. Потоа ги прогласи игрите за отворени.

Најдобри резултати постигнаа пензионерите од ЗП Охрид и Дебрца.

## ПЕТТИ РЕГИОН

# Спортистите славеа и се дружеа




На 28.5.2019 год, во Гевгелија се одржаа 24–те Регионални спортски натпревари на здруженијата на пензионери од 5–тиот регион. На овие натпревари околу 320 пензионери од ЗП Велес, ЗП Кавадарци, ЗП Неготино, ЗП Демир Капија, ЗП Дојран, ЗП Валандово, ЗП Богданци и ЗП Гевгелија се натпреваруваа во 11 спортски дисциплини. Отворањето беше на Гратскиот стадион во Гевгелија. Присутните прв ги поздрави и им посака добредојде претседателот на ЗП Гевгелија **Велин Стојменов**. Тој им посака убав престој и да понесат убави спомени од Гевгелија кој рече:



– Денеска на овие спортски натпревари ќе бидете сите победници, а судиите на крај ќе ги евидентираат тие што малку повеќе се истакнале и имале среќа.

Потоа зема збор градоначалникот **Саше Поцков** кој им посака успех на сите спортисти, а добра забава и пријатен престој на присутните.

Натпреварите за отворени ги прогласи потпретседателот на СЗПМ **Ментор Ќоку** кој ги пренесе поздравите од претседателката Трајкова и го истакна значењето на овие спортски натпревари. На присутните им се обрати и претседателот на комисијата за спорт на ЗП Гевгелија **Живко Мурџев** кој ги поздрави сите учесници и рече дека спортските натпревари ќе се одвиваат на терените на Гратскиот стадион, спортската сала и Пионерски дом, а доделувањето на медаљите ќе биде на Гратскиот стадион.

Потоа започна натпреварувањето. Најдобрите резултати на натпреварите според освоени први места постигнаа ЗП Кавадарци и ЗП Велес со по седум први места, а домаќините освоија две први места. Според вкупниот број освоени бодови првото место им припадна на спортистите од Кавадарци, второто на Велес и третото на Гевгелија.

## ШЕСТИ РЕГИОН

# Пензионерите спортуваа и се дружеа



Во Злетово на 23.05.2019 година, се одржаа 24–те регионални спортски натпревари од 6–от регион во организација на СЗПМ, а домаќин беше ЗП Злетово. На овие регионални спортски игри покрај домаќинот ЗП Злетово учествуваа и здруженијата на пензионери од: Куманово, Пробиштип, Крива Паланка и Кратово.

Најнапред срдечно и топло добредојде на гостите и учесниците на спортските натпревари им посака претседателот на ЗП Злетово **Димитар Милосов**, кој изрази задоволство што ова здружение по втор пат е домаќин на регионалните спортски натпревари од 6 регион. Тој им посака на натпреварувачите да дадат сѐ од себе, да постигнат што подобри резултати за себе, но и за своето здружение. На присутните им се обрати градоначалникот на општина Пробиштип **Драган Анастасов**, кој изрази задоволство што е присутен на овој спортски пензионерски настан и даде ветување дека секогаш ќе ги поддржува и ќе се грижи за најстарите жители бидејќи тие тоа го заслужуваат. Од името на СЗПМ натпреварувачите ги поздрави **Ментор Ќоку** потпретседател на ИО на СЗПМ при што ја нагласи улогата на спортот за припадниците на третата животна доба.



– Им посакувам успех на сите натпреварувачи, а нека победат подобрите и посреќните – истакна потпретседателот Ќоку и ги прогласи игрите за отворени.

Екипите се натпреваруваа во 11 дисциплини, мажи и жени, а најдобри резултати постигнаа спортистите пензионери од ЗП Куманово кои освоија 10 први места. Спортски се196 бореа и останатите здруженија. ЗП Пробиштип освои 4 први места, ЗП Злетово 3 први места, ЗП Кратово, 3 први места и едно прво место освои ЗП Крива Паланка.

По натпреварите, дружењето на спортистите пензионери продолжи со песна и оро во Хотелот Сан–Нико во Пробиштип.

## СЕДМИ РЕГИОН

# Уште една потврда дека годините не се важни



На 1.5.2019 година во Радовиш се одржаа 24–те регионални пензионерски спортски натпревари од седмиот регион, а домаќин беше ЗП Радовиш и Конче. Ова здружение има спортска традиција бидејќи три пати досега било успешен домаќин и на спортска пензионерска олимпијада. На овогодишните 24 регионални спортски натпревари учество земаа пензионери спортисти



од следните здруженија: Радовиш и Конче, Штип, Струмица, Свети Николе, Ново Село и Лозово. На присутните околу 250 учесници и гости прв им се обрати и им посака добредојде претседателот на ЗП Радовиш и Конче, **Мите Стефанов**. Потоа највозрасните жители на двете општини ги поздрави градоначалникот на Радовиш **Герасим Конзулов**, кој посака да победат најподготвените и при тоа вети дека како и во минатото ќе ги поддржува пензионерите во сите нивни активности во граница на можностите на општината. Присутните ги поздрави и градоначалникот на Конче **Благој Илиев**. На присутните од името на СЗПМ им се обрати и топло ги поздрави претседателката на Сојузот **Станка Трајкова** и при тоа рече:

– Физичката активност и спортувањето го одржува здравјето на луѓето од третата доба. Го подобрува и физичкото и психичкото здравје, но и им дава содржина и на пензионерските денови бидејќи на овие спортски натпревари најважна дисциплина е дружењето. Потоа таа ги прогласи 24–те регионални спортски натпревари од седмиот регион за отворени. На натпреварите секој сакаше да се покаже во најдобро светло и пред пензионерите од другите здруженија од овој регион, но и пред своите сограѓани и своите најблиски, кои навиваа за нив и ги храбреа. Сепак најдобри резултати постигнаа пензионерите спортисти од Штип. Како што е веќе традиција, 24=те регионални спортски натпревари од седмиот регион заврши со дружење, песна и оро.

## ОСМИ РЕГИОН

# Најдобри Кочанските пензионери - спортисти



На 12 јуни 2019 година ЗП Берово беше домаќин на 24–те регионални спортски натпревари на осмиот регион на кои учествуваа здруженијата на пензионери од: Кочани, Виница, Македонска Каменица, Делчево, Пехчево и домаќинот Берово. На отворањето учесниците ги пречекаа девојчиња облечени во народни носии, а пред натпреварите прв се обрати претседателот на ЗП Берово, **Васил Механџиски**, кој ги поздрави присутните и им




посака успешен настап на спортистите. Во името на општината Берово зборуваше градоначалникот **Звонко Пекевски**, кој истакна дека општината секогаш ќе ги поддржува пензионерските активности во граница на можностите. Притоа тој посебно ја истакна добрата соработка на општината со ЗП Берово.

Присутните на средбата ги поздрави и претседателката на СЗПМ, **Станка Трајкова**, која во име на организаторот СЗПМ го искажа значењето на овие спортски манифестации, како и задоволството што манифестацијата е убаво организирана иако Берово по број на членови спаѓа во помалите здруженија членки на Сојузот. Потоа ги прогласи 24–те регионални спортски натпревари на осмиот регион за отворени. Спортските натпревари се одвиваа во 11 дисциплини. Интересно е што владее голем интерес за спортување кај сите здруженија од овој регион. На натпреварите најмногу први места освоија спортистите од ЗП Кочани, кои триумфираа речиси во сите спортски дисциплини. Убав успех имаа сите здруженија и како резултат на тоа се пласираа сите да учествуваат на Спортската Олимпијада 2019 година која ќе се одржи во чест на 20 септември Денот на пензионерите на Македонија.

# Спортувањето и другарувањето секогаш даваат резултати

По реализацијата на осумте регионални спортски натпревари отпочнаа подготовките за одржување на Републичките натпревари. На одржаната седница на ИО на СЗПМ се донесе одлука за формирање Организациски одбор.

На седницата се одлучи Републичките натпревари да се одржат на 22.9.2019 година во Радовиш, бидејќи располага со најдобри услови за организирање и реализација на вакви масовна спортска манифестација. На 13.8.2019 год. работна група предводена од претседателот на СЗПМ и претседател на Организацискиот одбор со поголем дел од членовите на Одборот (Ментор Ќоку, Здравко Петковски, Мите Стефанов и Ѓорѓи Андреев) како и сопственикот на угостителскиот ресторан Драги Ѓорѓиев одржа состанок во просториите на ресторанот „Шампион" и притоа расправаше по сите прашања поврзани со организирањето и реализацијата на натпреварите навлегувајќи во детали од секој аспект заради запознавање со обврските што им престојат како на раководството на здружението домаќин, така и на раководството на угостителскиот објект.

На 15.8.2019 год. Комисија за спорт и рекреација одржа седница на која исклучително расправаше за прашања поврзани со подготовките за одржување на игрите и беше утврдено:

– времето на пристигнување на екипите најдоцна до 8:45 часот

– времето на отворање на игрите 9 часот

– времето на отпочнување на игрите во 9:30 часот.

На седницата беа одредени координатори по спортски дисциплини, беа одредени судиски тимови, беше извршено жребање на екипите и поединците и кој по кој редослед ќе настапува на натпреварите и врз основа на фрлањето ждрепка беа формирани групи во дисциплините: шах, домино и табла кои треба да се натпреваруваат по Бергеров систем заради скратување на времетраењето на натпреварот, а беше формира и комисија за поплаки и жалби.

Треба да се истакне дека Организацискиот одбор донесе одлука бројот на присутните гости во салата да се ограничи на 850.

24. републички пензионерски спортски натпревари се одржаа под покровителство на Владата и Министерството за труд и социјална политика на РС Македонија, а на натпреварот присуствуваше и на присутните им се обрати заменик–министерот за труд и социјална политика Ѓонул Бајрактар. На присутните со пригодни говори им се обратија и: претседателката на СЗПМ Станка Трајкова, градоначалниците на Радовиш и Конче Герасим Конзулов и Благој Илиев, а од името на Здружението домаќин на присутните им се обрати и игрите ги прогласи за отворени претседателот на ЗП Радовиш Мите Стефанов.

На 24. републички пензионерски спортски игри право на настап обезбедија 504 натпреварувачи од 46 здруженија од кои 240 во женска и 264 во машка конкуренција. По спортски дисциплини најголем број натпреварувачи – 96, настапија во дисциплината тегнење јаже. Бројот на здруженијата кои оваа година не успеаја да остварат право за настап на Републичките пензионерски спортски натпревари изнесува 7 и











досега е најмал број, а за одбележување е што оваа година на Регионалните натпревари настапија сите 53 здруженија со рекорден број од 2 605 натпреварувачи.

Врачувањето на медалите и прогласувањето на победниците се вршеше сукцесивно која дисциплина како ќе заврши. Прогласувањето на најдобрите поединци во дисциплините стрелаштво со воздушна пушка Зорка Калеова, Благоја Ѓорѓиоски, шах на прва табла Лилјана Славевска, Миле Трајковски и пикадо Менка Викентиевиќ, Бранко Милев, беше извршено во салата за ручање во присуство на сите гости, а пехарите им ги врачи претседателот на Собранието на СЗПМ Илија Адамоски.

Исто така и прогласувањето на севкупниот победник и врачувањето на преодниот пехар се изврши во салата, а пехарот на претседателот на ЗП Тетово Селвер Мемети му го врачи претседателката на СЗПМ Станка Трајкова. Најуспешно здружение во многу јака конкуренција и оваа година беше ЗП Тетово со освоени 106 бодови. Заслужува внимание фактот што ЗП Тетово на годинашниве Републички спортски натпревари учествуваше во 12 спортски дисциплини и притоа освои 9 медали, од кои 4 златни, 2 сребрени и 3 бронзени, што ниедно здружение досега не успеало да оствари така висок успех.

По ЗП Тетово на второто место се пласира ЗП Охрид и Дебрца со 91 бод од 16 дисциплини, третото го освои Прилеп со 71 бод со учество во 12 дисциплини, четвртото му припадна на ЗП Кочани со 70 бодови во 10 дисциплини, а петтото место го зазеде ЗП Центар со 54 бода учествувајќи само во 6 дисциплини.

Од вкупно 46 здруженија колку што се натпреваруваа на годинашниве Републички спортски натпревари 30 здруженија успеаја да освојат медали. Оваа година натпреварите протекоа и завршија беспрекорно во сите делови. Здружението домаќин терените ги имаше подготвено идеално онака како што се бараше од нив, што е за секоја пофалба.

Оценка е дека овогодишниве 24. републички пензионерски спортски натпревари протекоа и завршија мошне успешно.

**Здравко Петковски,**
**претседател на Комисијата**
**за спорт и рекреација**







# За подолг живот и подобар изглед допринесува физичката активност и спортувањето

По заминување во пензија, луѓето најчесто се опуштаат и престануваат со речиси секаква физичка активност. Причина за тоа кај некои е помислата дека им е потребен одмор, а кај некои тоа е резултат на неснаоѓање во новонастанатите услови или пак немање идеја и желба да пронајдат нешто што ќе им го исполни денот.



– Последиците по здравјето за лице кое престанало да работи и физички да биде активно се многу поголеми од последиците од која било долготрајна болест, утврдено е врз основа на голем број студии и истражувања, – тврди Мери Вајт, докторка на медицина на трудот од Мелбурн. Здравствениот ризик на лице кое престанало да работи и е физички неактивно, таа го споредува со ризик кој е предизвикан од пушење на десет кутии цигари на ден! Ризикот од физичка неактивност и каков било вид на спортување е ист и кај старите, но и кај помладите. Многумина високообразовани, како и луѓе без образование, не разбираат зошто здравјето се влошува кога сме физички неактивни. Најчесто се мисли дека нема ништо лошо во тоа да не се работи еден извесен период, да не се пешачи, да не се спортува. При тоа се заборава дека ако некој не работи физички или не се бави со некој лесен спорт само еден месец, два месеца или повеќе, му се намалуваат шансите да се врати во онаа кондиција во која бил кога работел и бил физички активен и кога бил помлад. Здравствените проблеми од психичка природа, но и физичката болка во грбот и половината се резултат на физичка неактивност, на неработење нешто што бара физички напор и долго седење пред телевизорот во фотелја или цел ден лежење со весниците во раце. Спортот и физичката активност прави човек да има подобра физичка кондиција, но и да се чувствува задоволен и среќен. Постојаната активност и спортувањето, без разлика колку и да е безначајно, помага во избегнувањето и на негативни емоции и црни мисли. Според едно истражување, лоша вест е констатацијата дека човечкиот мозок е програмиран за мрзливост, а се со цел да се заштеди потрошувачката на енергија. Спортот, ангажираноста и физичката активност имаат ефект и врз чувството на среќа и врз здравјето на човекот, затоа стручњаците и истражувачите советуваат:



– Работете што било, бидете активни или спортувајте за да бидете здрави. Интересно е и сознанието до кое дошле истражувачите дека истиот ефект можете да го постигнете и со длабоко размислување, играње шах или некоја друга друштвена игра затоа што човекот е активен и кога му работи мозокот, бидејќи и мозочната активност троши енергија исто како и секоја друга активност, но се разбира во помала мера влијае на физичко–моторниот систем.



Физичката активност исто така го забавува и стареењето. Истражувачите од Кралскиот колеж во Лондон тврдат дека неактивноста може да го скрати траењето на животот бидејќи ги предодредува луѓето за болести поврзани со староста и влијае врз самиот процес на стареење. Тие откриле дека биолошките маркери за стареење нагласено покажуваат дека физички активните луѓе во просек живеат до 10 години подолго од неактивните, но и така и изгледаат. Во истражувањето кое е објавено во списанието "Archives of Internal medicine“, тие тврдат дека луѓето кои редовно вежбаат и спортуваат помалку заболуваат од кардиоваскуларни болести, дијабетес од типот 2, рак, висок крвен притисок, дебелина, остеопороза и друго. Истражувачите проучувале 2 401 близнак, на кои им биле поставувани разни прашања меѓу кои дали се физички активни. Се установува дека на должината на животот влијае и генетиката, пушењето, социоекономскиот статус и друго.

**К.С. Андонова**










1







# СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

Информативен билтен

**СЗПМ**

Специјално издание

## XXIV РЕПУБЛИЧКИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ






МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

комерцијална банка ад скопје

**КОМПЛЕКС "ШАМПИОН" - РАДОВИШ**
**22 СЕПТЕМВРИ 2019**